Врз основа на член 90 став (2) Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/20 и 294/21) и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20), на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, ул. „16-та Македнска Бригада“, бр.3, 1000 Скопје (во натамошниот текст Факултет), на ден 20.02.2025 година, на својата 8. седница Наставно научниот совет на Факултетот го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК
за начинот на вршење на видео надзор

Предмет

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор поставен во деловните простории на Факултетот.

Овој правилник дава опис на системот за вршење на видео надзор, целите на вршењето на видео надзор, категории на лични податоци, давањето на користење на лични податоци обработени преку системот за вршење видео надзор, техничките и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, овластените лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, изјавата за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, рокот на чување на снимките од видео надзорот, известувањето за вршење на видео надзор, одредбите за начинот на остварување на правата на субјектот на личните податоци, техничките спецификации на опремата, планот каде е поставен системот за вршење на видео надзор и преодни и завршни одредби.

Опис на системот за вршење на видео надзор

Член 2

Деловните простории на Факултетот, се наоѓаат на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.3 1000 Скопје.

Системот за вршење на видео надзор кој е поставен во Пријавницата на Факултетот се состои од телевизиски приемник и вкупно 10 камери.

Просторот кој се опфатен со системот за вршење на видео надзор е следниот:

- Два влеза со вкупно 2 камери
- Паркинг со вкупно 3 камери
- Ходник приземје со вкупно 1 камера
- Заден дел на Факултетот со вкупно 4 камери

Опремата од која се состои системот за вршење на видео надзор е детално опишана и специфицирана во **Прилог 3** од овој Правилник.

Камерите со кои се снима, се поставени на видни места и покриваат паркинг влезови/излези и внатрешниот влезен ходник кои се опфатени со видео надзор. Камерите снимаат 365/24/7, и тоа константно. Преку системот се врши и следење/мониторирање во реално време.

Факултетот ги презема сите технички и организациски мерки за доверливост, интегритет и достапност на податоците кои се обработуваат преку системот за вршење на видео надзор, кои се подетално опишани во член 14 од овој правилник.

Известувањата за вршење на видео надзор се истакнати на секој одделен простор опфатен со видео надзор, така што вработените и посетителите се информирани дека влегуваат во простор кој што е под видео надзор. Содржината на сите поставени известувања е иста. Содржината на известувањето е детално прикажана во член 13 од овој правилник.

Член 3

Мрежните видео рекордери (NVR-ите) се затворени под клуч, во посебни рак ормари и до истите има пристап само администраторот на системот за вршење на видео надзор.
Освен администраторот, пристап до мрежните видео рекордери може да имаат и други овластени лица од страна на Деканот на Факултетот, но и лица кои се вработени во Службата за ИТ која го одржува и сервисира системот за вршење на видео надзор врз основа на договор за обработка на лични податоци или лица кои имаат законско овластување за пристап.

Член 4

Снимките од системот за видео надзорот мора да бидат колку што е можно појасни за да бидат ефективни за целта за која се наменети. Стандардите во однос на квалитетот на снимениот материјал што треба да се исполнат се дадени во продолжение:

- информациите за снимањето како што се локацијата на камерите и/или датумот и времето на снимање да бидат точни и ажурни;
- камерите да имаат агол на покриеност така што ќе го снимаат само просторот што е доволен за исполнување на целта за која се поставува видео надзорот;
- да се земат предвид амбиенталните услови каде се поставени камерите;
- камерите соодветно да се сервисираат и технички одржуваат за да се осигури дека се снимаат јасни снимк и да се води евиденција (лог) за сите активности поврзани со одржувањето; и
- камерите да бидат заштитени од вандализам за да се осигура дека остануваат во функција.

Цели и обем на вршење на видео надзорот

Член 5

Целите на вршење на видео надзорот во деловните простории на Факултетот се:

- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од деловните простории само за безбедносни цели, како и
- заштита на сопственоста односно имотот на деловните простории каде што е поставен видео надзор - заштита од оштетување или кражба.

Член 6

Системот за вршење на видео надзор служи за превенција на безбедносни инциденти и истражување на инциденти поврзани со целите за вршење на видео надзор. Поконкретно, видео надзорот во Факултетот е поставен за да се врши контрола на влегување и излегување во деловните простории, како и за да се спречи, открие, испита оштетување или кражба на имотот на Факултетот.

Следствено на ова, преку вршење на видео надзорот се овозможува соодветна 24 часовна заштита и сигурност во деловните простории на Факултетот.

Камерите за видеонадзор се поставени и фокусирани така што ги снимаат, паркингот влезот/излезот од Факултетот и влезниот ходник. Камерите ги снимаат вработените и посетителите на паркингот, влезот и излезот, влезниот ходник на Факултетот, кога ќе влезат во нивниот фокус.

Камерите се поставени на начин кој овозможува да се остварат целите на вршењето на видео надзор и со нив е опфатен паркингот, влезот и излезот и влезниот ходник, соодветно колку што е потребно за исполнување на конкретните цели.

Системот за вршење на видео надзор не се користи за ниту една друга цел, освен за погоре наведените.

Анализа на целите за кои се поставува видео надзорот

Член 7

Претходно направената Анализа на целите заради кои се поставува системот за вршење на видео надзор, е составен дел од документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

Анализата ги содржи причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целите во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и опис на производите кои ќе се заштитуваат со поставувањето на видео надзор.

Анализата задолжително содржи и мислење од офицерот за заштита на личните податоци на Факултетот , во однос на воспоставувањето на системот за вршење видео надзор.

Анализата на целите заради кои се поставува видео надзорот во деловните простории на Факултетот е составен дел на овој правилник **(Прилог 1).**

Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 8

Овој правилник создава обврски за:

- администраторот на системот за вршење на видео надзор,
- овластените лица кои имаат пристап до NVR-ите и до снимениот материјал и
- офицерот за заштита на личните податоци,

а во функција на заштита на приватноста на вработените и посетителите, чии лични податоци се обработуваат преку системот за вршење на видео надзор.

Администраторот на системот за вршење на видео надзор и останатите овластените лица на Факултетот имаат пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на Овластувањето од претходниот став на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр. 1а).**

Администраторот има пристап до системот за вршење на видео надзорот, односно до рак орамарите каде што се сместени мрежните видео рекордери (NVR-ите) и до архивата на снимениот материјал. Администраторот ги обезбедува податоците директно од мрежните видео рекордери (NVR-ите).

Администраторот ја координира и контролира примената на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Останатите овластени лица кои имаат пристап до снимките од видео надзорот и кои имаат право да го прегледуваат снимениот материјал, се овластени од Деканот на Факултетот .

Образецот на Овластувањето од претходниот став на овој член е составен дел на овој правилник (**Образец бр. 1б).**

Овластените лица имаат право да ги прегледуваат снимките од видео надзорот и истите да ги чуваат за целите на кои се врши видео надзорот. Тие вршат обработката на снимките од видео надзор совесно и стручно во согласност со прописите за заштита на лични податоци. Тие се детално запознаени со овој правилник и добиле соодветна обука.

Член 9

Администраторот и овластените лица имаат обврска да потпишат писмена изјава за безбедност на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на Факултетот.

Изјавата од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник. **(Образец бр.2)**

Член 10

Офицерот за заштита на личните податоци на Факултетот, има право да врши контрола над работењето на секое од овластените лица.

Доколку при извршената контрола е констатирано дека овластените лица не се придржуваат кон законските одредби и кон одредбите на овој правилник, на истите им се одзема даденото овластување од страна на Деканот на Факултетот.

Промените во употребата на системот за вршење на видео надзор на Факултетот, можат да се имплементира по консултација со офицерот за заштита на личните податоци.

Категории на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор

Член 11

Преку системот за видео надзор кој е поставен на паркингот, влезот/излезот и влезниот ходник на Факултетот (во понатамошниот текст „просториите на надзор“), се обработуваат следните категории на лични податоци:

- Визуелни снимки на физички лица (ликот и целосниот физички изглед на лица, кои влегуваат во фокусот на камерите при посета на просториите под надзор) кои се поставени заради цели утврдени во член 5 и 6 од овој правилник.

Известување за вршење на видео надзорот

Член 12

На видливо место, на секој одделен простор каде што се поставени камери, Факултетот има поставено известување дека се врши видео надзор на влегување и излегување од деловните простории, како и заштита на сопственоста односно заштита од оштетување и кражба на имотот на Факултетот.

Член 13

Известувањето за вршење на видео надзорот кое што се поставува на секој одделен простор каде што е поставен систем за вршење на видео надзор, ги содржи следните информации:

- просторот е под видео надзор,
- видео надзорот го врши Факултетот,
- контакт информации за офицерот за заштита на личните податоци,
- цели заради кои се врши видео надзор,
- од кого и како заинтересираните лица можат да се добијат информации за видео надзорот,
- колку време се чуваат снимките од видео надзорот,
- права на субјектите за лични податоци,
- каде е достапна Изјавата за приватност при вршење на видео надзор.

Контактот означен на известувањето за видео надзор на Факултетот (офицер за заштита на личните податоци) е достапен за вработените и посетителите, во текот на редовното работно време.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр.3)**

Технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 14

Факултетот ги обезбедува следните технички и организациски мерки за безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор:

- Осигурува дека мрежните видео рекордери (NVR-ите) на кои се снима и на кои се прегледуваат снимките се безбедни, како и дека локацијата каде што се поставени е безбедна;
- Применува физичка и електронска контрола за пристап (т.е. заштита со комплексна лозинка и верификација на идентитет, логови за пристап и сл.) што гарантира дека само овластените лица имаат пристап до личните податоци;
- За овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор се организира и спроведува обука за заштита на личните податоци (на годишно ниво);
- За секој пристап, откривање и/или користење на снимките од видео надзорот, се води детален лог;
- Откривањето на снимките од видео надзорот на надлежните органи за спроведување на законот, правните застапници и/или судот се врши врз основа на испратено барање во писмена форма до Факултетот и се одобруваат од Деканот на Факултетот
- Снимките од видео надзорот се криптирани;
- Снимките од видео надзор по истекот на рокот за чување се уништуваат;
- Техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за видео надзор се почитуваат.

Факултетот презема и мерки за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default) согласно прописите за заштита на личните податоци.

Член 15

Воедно, администраторот на системот за вршење на видео надзор, при промена на тимот на вработени, прави проверка, дали конкретните промени ќе доведат и до промени на овластените лица кои пристапуваат до системот за вршење на видео надзор.

Член 16

Со преземање на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен во деловните простории на Факултетот, треба да се оневозможи:

- Случајно или незаконско уништување на снимките од видео надзор;
- Неовластено преправање, откривање или пристап при обработка на снимките од видео надзор;
- Неовластено гледање, копирање, промена или отстранување на медиумот на кој се сместени снимките од видео надзор;

- Неовластен пристап до снимките од друга локација преку комуникациски уреди.

.

Електронска евиденција за пристап до системот за вршење на видео надзор (logs)

Член 17

Факултетот води евиденција за пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор (логови).

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:

- ID на корисникот (име и презиме на овластеното лице);
- IP адреса од каде е пристапено;
- Датум и време на пристапување до системот (записи со датум и време кога овластеното лице се најавува и исклучува од системот);
- Видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците;
- До кои податоци е пристапено (снимки со датум и час) и акции кои се преземени (копирање, бришење);
- До кои датотеки е пристапено;
- Промени во конфигурацијата на системот.

Давање на користење и пристап на трети страни

Член 18

Факултетот ги дава на користење снимките од видео надзор, врз основа на:

- писмено барање за давање на лични податоци обработени преку вршење на видео надзор поднесено на адреса на Факултетот во кое се наведува причината, законската основа поради која се бара увид и копија од снимениот материјал и времето за кое се бараат снимките од видео надзор, и
- издадено писмено одобрение од Деканот на Факултетот.

Прегледувањето на снимките од видео надзор се врши од страна на администраторот и овластените лице од член 8 од овој правилник.

Барањето и одобрението од Деканот на Факултетот, од став 1 на овој член, се составен дел на овој правилник. **(Образец бр. 4 и 5)**

Евидентирање на снимките од видео надзор кои се даваат на користење и управување на медиуми

Член 19

Факултетот води евиденција на снимките од видео надзорот кои се даваат на користење, корисникот на личните податоци, причината заради која овие снимки се даваат на користење и податоци за статичните и мобилните медиуми што содржат лични податоци обработени преку поставениот систем за вршење на видео надзор.

Медиумите и податоците зачувани на нив треба да се заштитат од неовластен пристап, намерно или случајно губење или оштетување.

Факултетот внимава на сигурноста на преносот на медиумите, на начин што преносливите медиуми (USB,CD/DVD) се криптираат за да се спречи неовластен пристап до нив.

Евиденцијата од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник. **(Образец бр. 6)**

Периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор

Член 20

Наставно научниот совет на Факултетот врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор поставен во деловните простории, секои две години, а во случај на поголеми промени (замена или надградба) во системот за вршење на видео надзор и на покус период.

Наставно научниот совет на Факултетот ја оценува понатамошната потреба од користење на системот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различен степен на веројатност и сериозност, загрозување на правата и слободите на вработените и посетителите и можните технички решенија за унапредување или замена на системот за вршење на видео надзор.

Деканот на Факултетот изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

Извештајот содржи оценка за понатамошно користење на системот за вршење на видео надзор, целите за вршење на видео надзор, статистички показатели за пристапот до снимките од видео надзорот, начин на давање на користење на снимките и за која цел.

Образецот на Извештајот од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник. **(Образец 7)**

Рок на чување на снимениот материјал

Член 21

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целите заради кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

Доколку не постои легитимна причина за чување на снимките од видео надзорот (како на пример за употреба во судска или друга правна постапка), снимките ќе бидат избришани најкасно по истекот на 30 дена од зачувувањето.

Доколку се идентификува инцидент, копија од снимката од видео надзорот ќе се креира и чува безбедно додека не заврши истрагата на Факултетот (во врска со целите на системот за вршење на видео надзор) или додека истата не биде доставена на надлежниот орган за спроведување на законот, правниот застапник или судовите.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат подолг временски период, само ако е тоа предвидено со друг закон. Оригиналната снимка од видео надзорот за инцидентот ќе биде избришана.

Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци

Член 22

Согласно Законот за заштита на личните податоци, субјектите на лични податоци (вработените и посетителите) имаат право на пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор, но и други права, во одредени ограничени околности, како што е правото на бришење, исправка, ограничување на обработката на личните податоци, како и право на приговор на обработката на нивните лични податоци.

Субјектите на личните податоци можат да го остварат своето право на пристап доколку поднесат барање на е-маил адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk и на адресите: ул. „16 Македонска Бригада“ бр.3 1000 Скопје, или со лично доставување на барање во деловните простории, заедно со докази за нивниот идентитет. Барањето е составен дел на овој правилник. **(Образец 8)**

По приемот на барањето, офицерот за заштита на личните податоци ќе оствари контакт со администраторот на системот за видео надзор во однос на основаноста на барањето и ќе биде подготвен одговор на барањето, во рок од еден месец по приемот на барањето.

Периодот за одговор на барањето може да се продолжи за уште два месеца кога е потребно, земајќи ги предвид комплексноста и бројот на барањата. Офицерот за заштита на личните податоци ќе го извести субјектот на личните податоци за продолжувањето на рокот, во рок од еден месец по приемот на барањето, заедно со причините за продолжување на рокот.

За остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за вршење на видео надзор, изработена е Изјава за приватност при вршење на видео надзор, која е објавена на огласна табла во Факултетот.

Изјавата за приватност е составен дел на овој правилник **(Прилог 2).**

Техничка спецификација на опремата

Член 23

Техничката спецификација на опремата со која се врши видео надзор во деловните простории на Факултетот, особено бројот на камерите, резолуцијата и квалитетот на сликата, видот на камерите и карактеристиките на камерите и на мрежните видео рекордери (NVR) е составен дел на овој правилник **(Прилог 3).**

План за поставеност на системот за вршење на видео надзор

Член 24

Во Планот за поставеност на системот за вршење на видео надзор во деловните простории на Факултетот, графички се прикажува начинот на поставеноста на видео камерите, и просторот каде се врши видео надзорот.

Планот за поставеност на системот за вршење на видео надзор во деловните простории на Факултетот е составен дел на овој Правилник **(Прилог 4).**

Преодни и завршни одредби

Член 25

Супервизија над придржувањето кон одредбите од Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Факултетот, врши Агенцијата за заштита на личните податоци, преку супервизорите за заштита на личните податоци.

Факултетот е должен да го овозможи вршењето на супервизијата, да ја стави на располагање соодветната документација и да ги даде потребните податоци и известувања.

Член 26

Секоја измена и дополнување на законските и подзаконските прописи кои го регулираат вршењето на видео надзорот ќе преставува основ за спроведување на постапка за усогласување на овој Правилник со тие измени и дополнувања. Во спротивно својата законска обврска Факултетот ќе ја исполни со директна примена на прописите.

Одредбите од овој правилник кои треба да претрпат соодветни измени поради измени на законските и подзаконски прописи, се стават вон сила веднаш по влегување во сила на измените и дополнувањата на законските и/или подзаконските прописи што ја налагаат нивната измена.

Член 27

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор, Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за кои се поставува видео надзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/20)

Член 28

Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Факултетот, влегува во сила на денот на неговото донесување.

Бр. 02-2961/1

Скопје 25.02.2025 година

ДЕКАН

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје * Република Северна Македонија * Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје

Проф. д-р Миле Маркоски

Обрасци

Образец бр. 1а

Врз основа на член 36 став (4) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), Деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна (во натамошниот текст:Деканот) го издава следното:

О В Л А С Т У В А Њ Е

за авторизиран пристап до системот за вршење на видео надзор

1. Се овластува _____, како администратор на системот за вршење на видео надзор поставен во деловните простории на Факултетот:
   - да пристапува и да врши обработка на личните податоци содржани во системот за вршење на видео надзор,
   - да пристапува до NVR-ите,
   - да ги планира и применува техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор,
   - да врши контрола над обезбедувањето на безбедност на обработката на личните податоци,
   - да врши анализа и проценка на ризиците и да предлага мерки за нивно намалување при обработка на личните податоци во системот за вршење на видео надзор,
   - да изработува програма за проверки на сигурноста на системот за вршење на видео надзор и во координација со офицерот за заштита на личните податоци да врши редовни контроли на евиденцијата за авторизиран пристап до системот.
2. Се овластува администраторот на системот за вршење на видео надзор на Факултетот, на вработените да им доделува авторизиран пристап до системот во согласност со овластувањата за вршење обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, како и да го менува или одзема доделениот пристап.
3. Ова овластување важи за време додека лицето од точка 1 на ова Овластување ја врши улогата на администратор на системот за вршење на видео надзор на Факултетот.
4. Ова овластување влегува во сила на денот на донесувањето.

Д Е К А Н

Проф. д-р Миле Маркоски

Образец бр. 1б

Врз основа на член 36 став (4) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), Деканот Миле Маркоски на Факултетот (во натамошниот текст: Деканот), го издава следното:

ОВЛАСТУВАЊЕ
за вршење обработка на лични податоци преку системот за видео надзор

(1) Се овластува _____, на работно место _____ во _____, да врши обработка на личните податоци содржани во системот за вршење на видео надзор во деловните простории на Факултетот.

(2) Лицето од ставот (1) на ова овластување задолжително треба да:

- ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
- врши обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, согласно со упатствата добиени од оперативниот директор;
- ги почитува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на личните податоци до кои ќе има пристап преку системот за вршење на видео надзор поставен во „просториите на надзор“ на Факултетот; и
- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

(3) Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е: да пристапува до системот, да брише, да коригира податоци.

(4) Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работното место: _____ на Факултетот.

(6) Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

Д Е К А Н

Проф. д-р Миле Маркоски

Образец бр. 2

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.), на __.__.2025 година ја давам следната

ИЗЈАВА
за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Јас долупотпишаниот/ната, _____, вработен/а во _____ на работно место _____, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20), и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на Факултетот и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од оперативниот директор;
- на неовластени лица нема да издавам било каков личен податок/снимки од системот за вршење на видео надзор или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам во иднина при работата на Факултетот.

Потпис,

_____

Образец бр.3

Известување за вршење на видео надзор



Видео надзор!

Дополнителни информации ќе прочитате во Изјавата за приватност која е објавена на нашата веб страна : http://www.fznh.ukim.edu.mk/

Назив на контролорот:
Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје во состав на УКИМ во Скопје
Контакт информации: contact@fznh.ukim.edu.mk

Контакт информации за офицерот за заштита на личните податоци:
е-маил: arsovt@fznh.ukim.edu.mk

Информации што го засегаат субјектот на личните податоци:
Системот за вршење на видео надзор снима 365/24/7 - константно. Системот овозможува следење во реално време.
Снимките од видео надзор се чуваат најдолго 30 дена.

Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:
Контрола над влегување и излегување;
Заштита на сопственоста.

Права на субјектите на лични податоци:
Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци. Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

Образец бр.4

Б А Р А Њ Е

за давање на користење на лични податоци обработени преку системот
за вршење на видео надзор на Факултетот

Барател:

Име и презиме: _____
Работно место: _____
Институција/Фирма: _____
Адреса: _____

Барам да ми се овозможи:
- ☐ увид или (и)
- ☐ доставување

на следните снимки од видео надзор:
Камера/и што го снима/ат следниот простор:

_____
_____
_____

Снимките од видео надзор да се однесуваат на периодот од __ часот __ минути на __,__,20__ година до __ часот __ минути на __,__,20__ година.

Снимките од видео надзор ги барам/е од следните причини:

_____
_____
_____

Врз следната законска основа:

_____
_____
_____

Барател,

_____

Образец бр.5

О Д О Б Р Е Н И Е

за давање на користење на лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор на Факултетот

_____, _____ на _____ одобрува/не одобрува давање на користење на лични податоци обработени преку вршење на видео надзор на:

Име и презиме: _____
Работно место:_____
Институција/Фирма: _____
Адреса: _____

На барателот ќе му се овозможи:
- ☐ увид или (и)
- ☐ доставување

на следните снимки од видео надзор:

Камера/и што го снима/ат следниот простор:
_____
_____
_____

Снимките од видео надзор да се однесуваат на периодот од __ часот __ минути на __,__,20__ година до __ часот __ минути на __,__,20__ година.

_____

Образец бр.6

Е В И Д Е Н Ц И Ј А

за снимките кои се дадени на користење и за медиуми што содржат лични податоци обработени преку системот за видео надзор на Факултетот

Ред. број	Број на барање	Причина заради која се бара личните податоци на користење	Име и презиме на овластено лице	Датум и време на пристапување до системот за вршење на видео надзор	Датум и час на снимката до која се пристапува и времетраење на снимката	Вид и број на медиумот на кој е пренесена снимката	Име и презиме на овластеното лице кој го снимил и го доставил медиумот	Име и презиме/назив на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот

Образец бр.7

Извештај од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор

I

1.	Датум на воспоставување на системот за вршење на видео надзор	
2.	Датум (период) кога е извршена периодична оценка	
3.	Датум од претходно извршена периодична оценка	
4.	Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот	
5.	Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, сеуште се релевантни	
6.	Статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот	
7.	Статистички показатели за начинот на искористување на снимките	
8.	Оценка дали начинот за информирање дека се врши видео надзор на различните категории на субјекти на лични податоци кои се со видео надзорот (пр. посебно информирање на вработените, истакнување на известување за видео надзор...) е соодветен;	
9.	Статистички показатели за поднесени барања за остварување на правата на субјектите на лични податоци од видео надзорот	
10.	Податоци од евиденцијата на корисници, за снимки кои се дадени на користење (статистички податоци, корисници, правен основ, причини)	
11.	Статистички податоци од пријавени инциденти поврзани со системот за вршење на видео надзор;	
12.	Статистички податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци кои се обработуваат преку системот за вршење видео надзор	
13.	Оценка на периодот на чување на снимките дали истиот е соодветен со предлог истиот да се скрати или продолжи (но не повеќе од законски утврдениот рок)	
14.	Оценка дали има потреба од намалување или зголемување бројот на лица кои ќе имаат пристап до видео надзорот	
15.	Потреба од континуирана обука на овластените лица (предлог тема на обуката, број на лица што треба да бидат обучени)	
16.	Оценка дали целосно се применети мерките за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design/ by default)	
17.	Оценка дали нивото на технички и организациски мерки кои се применуваат е соодветно	
18.	Предлог за намалување/зголемување на број камери соодветно на нивото на исполнување на целта/целите заради кои е поставен видео надзорот	
19.	Целта за вршење на видео надзор	
20.	Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, односно	

	целите сеуште се релевантни	
21.	Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот	
22.	Податоци за спроведената проценка на влијанието на заштитата на личните податоци	
23.	Дали редовно се преиспитува проценката на влијанието на заштитата на личните податоци, особено кога има значајни промени во системот за видео надзор	
24.	Дали има понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор	
25.	Можни технички или други решенија за замена на системот за вршење на видео надзор	
26.	Други податоци согласно проценката на Контролорот	

II

1. Име, презиме и потпис на лицата кои ја вршеле периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор

_____
_____
_____

2. Датум на доставување на извештајот од периодичната оценка до офицерот за заштита на личните податоци во контролорот

_____
_____
_____

3. Мислење и предлози од офицерот за заштита на личните податоци во контролорот

_____
_____
_____

4. Датум на доставување на извештајот од периодичната оценка до функционерот, или до одговорното лице во контролорот

_____
_____
_____

Образец 8

Б А Р А Њ Е
од субјектот на личните податоци за пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор на Факултетот

Барател
Име и презиме: _____

Контакт податоци *(да се наведе контакт податокот преку кој сакате да Ве контактираме)*
Адреса: _____
Телефон: _____
Е-маил: _____

Доказ за утврдување на идентитетот на подносителот (на пример: фотографија, лична карта, возачка, пасош итн.)

За да можеме полесно да ги лоцираме релевантните лични податоци за Вас, Ве молиме наведете кога сте ги посетиле „просториите под надзор“ на _____, каде поконкретно сте снимени, датумот и времето на снимката што сакате да ја видите, како и општ опис на Вашиот изглед, облека итн. во времето кога сте снимени.	
Датум и време	**Ваш опис**

Важни напомени:

- Факултетот го задржува правото да го одбие извршувањето на вашето барање доколку истото е наложено со соодветни законски прописи
- Факултетот може да ве контактира за дополнителни информации потребни за идентификување на вашите лични податоци и притоа да ги користи сите разумни мерки за утврдување на вашиот идентитет
- Факултетот ќе одговори на вашето барање што е можно поскоро, а најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на барањето. Рокот може да се продолжи за уште два месеци, за што ќе бидете навремено информирани

Барател,

_____

Пополнува _____

Датум на прием на барањето	
Дали е утврден идентитетот?	ДА НЕ
Вид на документ преку кој е утврден идентитетот (лична карта, патна исправа, возачка дозвола, легитимација)	
Во која форма се доставени личните податоци	Е-маил ☐ Писмо ☐ Друго (*наведете како*)_____

Забелешки:

Датум од кога почнува да течат 30 дена за постапување _____	Рокот завршува на _____

Датум на достава на снимката до субјектот на личните податоци	
Потпис:	
Одговор подготвил Име и презиме	
Работно место	

Прилог 1
Анализа на целите за кои се поставува видео надзорот во деловните простории на Факултетот

Прилог 2
Изјава за приватност при вршење на видео надзор

Прилог 3
Технички спецификации на опремата за вршење на видео надзор во деловните простории на Факултетот

Прилог 4
План за поставување на систем за вршење на видео надзор во деловните простории на Факултетот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-2411/1
12-02 2025 год.
СКОПЈЕ

Анализа на целите за кои се поставува видео надзор на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (во понатамошниот текст Факултет)

I

1.	Период кога е вршена анализата	12.02.2025 година
2.	Законски основ, односно цел во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кои се воспоставува видео надзорот	Со оваа Анализа се утврдува целта заради која се поставува видео надзор на Факултетот. Согласно член 90 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. весник на РСМ бр.42/20 и 294/21), видео надзорот се поставува заради: • обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето само за безбедносни цели, • заштита на сопственоста
3.	Дали поставувањето на видео надзор е обврска согласно друг закон (со образложение)	Не
4.	Опис на недвижните и движните ствари, односно простор кои се заштитуваат со поставувањето на видео надзорот	Деловни простории опфатен со видео надзор: • Два влеза со вкупно 2 камери • Паркинг со вкупно 3 камери • Ходник приземје со вкупно 1 камера • Заден дел на Факултетот со вкупно 4 камери Видео надзорот е поставен за заштита на сопственоста (заштита од оштетување и кражба на имот) и контрола на влегувањето и излегувањето во/од просториите на Факултетот.
5.	Други мерки кои се разгледани за исполнување на целта заради која се воведува системот за вршење на видео надзор и причините поради кои овие мерки не се доволни за да се исполни целта односно целите заради кои се имплементира систем за вршење на видео надзор	Наставно научниот совет на Факултетот оцени дека за остварување на целите наведени во точка 2, особено заради чувствителноста на просторот мора да се постави видео надзор, како и дека овие цели не може да се остварат со други мерки.
6.	Категории на субјекти на лични податоци кои се снимаат	Преку системот за вршење на видео надзор се снимаат само оние физички лица (вработени и посетителите) кои влегуваат во фокусот на камерите.

7.	Дали со видео надзорот се обработуваат лични податоци на деца	Преку системот за вршење на видео надзор може да се обработуваат и личните податоци на деца, во случаи кога тие се посетители.
8.	Категории на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор	Преку системот за вршење на видео надзор се обработуваат следните категории на лични податоци: Визуелни снимки од физички лица (вработени и посетители) - ликот и целосниот физички изглед, кои влегуваат во фокусот на камерите кои се поставени заради погоре наведени цели.
9.	Начин за информирање дека се врши видео надзор на различните категории на субјекти на лични податоци кои се опфатени со видео надзорот	На видно место на секој одделен простор каде што е поставен видео надзор, паркингот, влез/излез, влезниот ходник поставено е известување дека се врши видео надзор со наведување на целите заради кои се врши истиот. Известувањето за вршење на видео надзорот ги содржи следните информации: • просторот е под видео надзор; • видео надзорот го врши Факултетот и • од кого и како заинтересираните лица можат да се добијат информации за видео надзорот, како и колку време се чувааат снимките од видео надзорот. Воедно, сите вработени и посетители може да ја прочитаат Изјавата за приватност при вршење на видео надзор преку која се информираат за правните основи, целта, категориите на лични податоци што се собираат за нив, рокот на чување, начинот на заштита и безбедност, како и за правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци и начинот на нивно остварување. Изјавата за приватност при вршење на видео надзор е поставена на огласна табла на Факултетот.
10.	Начин за остварување на правата на субјектите на лични податоци	За остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за вршење на видео надзор, Факултетот изготви Изјава за приватност, со содржина и форма пропишани во Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор. Преку Изјавата за приватност при вршење на видео надзор, вработените и посетителите се информираат за правата од областа на заштитата на личните податоци и начинот на нивно остварување. Вработените и посетителите, како субјекти на лични податоци, може да ги остварат своите права на следниов начин: - Во печатена форма со пополнување на соодветното барање и негово доставување лично или по пошта во плик со назнака „Барање за _____ (да се внесе соодветниот назив за барањето) до Факултетот , ул. „16-Македонска

		Бригада“ бр. 3, 1000 Скопје, со посебна назнака “до офицерот за заштита на лични податоци”. Во електронска форма, со пополнување на соодветното барање и негово доставување на електронска адреса:
11.	Начин на доделување на привилегии за пристап до видео надзор	Пристап до системот за видео надзор имаат само лица кои, со посебен акт, се овластени од страна на Деканот на Факултетот. Во Овластувањето е поконкретно определен обемот на овластувањето и надлежностите. Овластените лица имаат обврска да потпишат писмена изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци до кои што имаат пристап во текот на работењето. Деканот врши контрола над работењето на овластените лица. Факултетот води евиденција за пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзорот.
12.	Период за кој е поставен видео надзор (неопределен период/ определен период)	Системот за вршење на видео надзор е поставен на неопределено време, односно се’ додека е неопходен за остварување на целта за неговото поставување.
13.	Временски период во кој е активен видео надзорот (24/7, по завршување на работното време и сл.)	Системот за вршење на видео надзор е активен во текот на цело денонoќие, секој ден во седмицата, односно 365/24/7, и тоа константно.
14.	Дали преку видео надзорот се обработуваат лични податоци само во реално време (мониторирање) или се врши и снимање	Преку системот за вршење на видео надзор се обработуваат лични податоци во реално време (мониторирање), но се врши обработка на лични податоци и преку снимање.
15.	Период на чување на снимките соодветен на целта заради која се поставува видео надзорот	Снимките од видео надзорот се чуваат до исполнување на целта заради која се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, сметано од денот кога е направена поединечната снимка. По истекот на рокот за чување, снимките од видео надзорот, автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.
16.	Кој има пристап до видео надзорот (лица вработени во контролорот, односно обработувачот) и број на лица кои ќе имаат пристап до видео надзорот	Пристап до видео надзорот имаат само лица кои, со посебен, поединечен акт, се директно овластени од Деканот на Факултетот. Во Овластувањето е поконкретно определен обемот на овластувањето и надлежностите. Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор има администраторот

		на системот за вршење на видео надзор и овластените лица од страна на Факултетот. Администраторот и овластените лица ќе имаат обврска да потпишат писмена изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци до кои што имаат пристап во текот на работењето.
17.	Информации за предвидена обука за заштита на личните податоци за лицата кои имаат пристап до видео надзорот	Факултетот подготви План за обуки за заштита на лични податоци за 2025 година. Во Планот е предвидена обука за лицата кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор. Овластените лица за пристап до системот за вршење на видео надзор, имаат обврска да следат обука за заштита на лични податоци, најмалку еднаш годишно.
18.	Примена на мерки за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default)	Факултетот предвидува технички мерки за безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, како и мерки за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default) согласно прописите за заштита на личните податоци.
19.	Оценка на нивото на технички и организациски мерки кои треба да се применат	Стандардно
20.	Проценка за број на потребни камери кои се поставуваат	За остварување на целта поради која се поставува систем за видео надзор, се проценува дека видео надзорот треба да се врши преку 10 камери* и два мрежни видео рекордери (NVR-и), кои се поставени во рак ормани. * • Два влеза со вкупно 2 камери • Паркинг со вкупно 3 камери • Ходник приземје со вкупно 1 камера • Заден дел на Факултетот со вкупно 4 камери
21.	Тип/вид на камери (подвижни, статични, резолуција, опција за зумирање, ноќно снимање...)	Техничките карактеристики на видео камерите и мрежните видео рекордери се содржани во Техничката спецификација на опремата.
22.	Доколку повеќе контролори заеднички вршат видео надзор (заеднички контролори), тогаш се утврдуваат целите и начините на обработка преку системот за видео надзор, како и податоци за начинот на кој што е уреден нивниот меѓусебен однос (на пример: со договор, закон	Не е предвидено повеќе контролори заеднички да вршат видео надзор на Факултетот .

	којшто се применува на тие контролори, итн)	
23.	Период до кога ќе се донесе акт во кој што ќе се уреди начинот на вршење на видео надзорот	Врз основа на оваа анализа и мислењето на офицерот за заштита на лични податоци, Факултетот ќе донесе одлука за воспоставување на систем за вршење на видео надзор и во рок од 30 дена ќе се усвои Правилник со кој ќе се уреди начинот на вршење на видео надзор.
24.	Други податоци согласно проценката на контролорот	/

II

1. Дали е консултиран офицерот за заштита на личните податоци на контролорот за воспоставувањето на систем за видео надзор?

   ДА, Офицерот за заштита на лични податоци е консултиран за воспоставување на системот за видео надзор.

2. Оценка/мислење од офицерот за заштита на личните податоци

За да се обезбеди целосна транспарентност, пред односно во деловните простории во Факултетот, поставено е видливо известување дека се врши видео надзор со информации за видео надзорот на Факултетот, како контролор и за тоа како и каде може да се добијат информации за самиот видео надзор.

Задолжително да се осигура постоењето на строги правила за откривање на податоците односно снимките од видео надзор во ограничени и контролирани случаи/околности. Во такви случаи, барањата треба да бидат испратени во писмена форма до Факултетот и да бидат одобрени од овластените лица од Деканот.

4. Име, презиме и потпис на лицата кои ја вршеле анализата на целта односно целите заради кои се воспоставува системот за вршење на видеонадзор

   Кристина Илиоска Манасиева

   Стојанче Нечковски

   Проф. д-р Златко Прцуловски

5. Име, презиме и потпис на офицерот за заштита на личните податоци

   Име и презиме на офицер **проф. д-р Тошо Арсов**

6. Одлука на Деканот за воспоставување на систем за видеонадзор (дадено врз основа на анализата за: потребата од воспоставување на видеонадзор, степенот на влијание врз приватноста на субјектите на лични податоци кои ќе бидат опфатени со видеонадзорот – лица кои ќе се снимаат, соодветноста на целите/основите за кои се поставува видеонадзорот, мерките за техничка и интегрирана заштита на личните податоци, техничките и организациските мерки кои треба да се применат...):

   Врз основа на направената анализа и мислењето на офицерот за заштита на лични податоци, Деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје смета дека

воспоставувањето на систем за вршење на видео надзор е оправдано и дека видео надзорот треба да е во функција.

7. Име, презиме и потпис на Деканот

Проф д-р Миле Маркоски

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-290/1
24-02 2025 год.
СКОПЈЕ

ИЗЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Со оваа Изјава за приватност се објаснува видот на лични податоци што Факултетот за земјоделски науки и храна -Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, ул „16-Македонска бригада“ бр.3, 1000 Скопје, во својство на Контролор на лични податоци (во натамошниот текст: Факултетот), ги собира преку системот за вршење на видео надзор поставен на паркингот, влез/излез бр.1 и бр. 2 „паркингот и простории под надзор“ и Влезниот ходник.
Покрај тоа, со Изјавата детално се појаснува како Факултетот како контролор на личните податоци ги користи овие податоци и за кои цели.

1. Зошто ги собираме (обработуваме) Вашите лични податоци?

Факултетот ги собира Вашите лични податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен во „паркингот и просториите под надзор“ , за да обезбеди контрола над влегувањето и излегувањето во и од , само за безбедносни цели, како и заради заштита на сопственоста односно имотот (заштита од оштетувања и кражба на производи, кражба на пари и друг имот).

Системот за вршење на видео надзор не се користи за ниту една друга цел, освен за погоре наведените.

На „паркингот и простории под надзор“ се поставени 10 видео камери. Видео камерите се поставени така што обезбедуваат единствено визуелни снимки на физичките лица (ликот и физичкиот изглед на лицата, вклучително и малолетни лица) кои ги посетуваат „паркингот и простории под надзор“ и влегуваат во фокусот на камерите.

Просторот опфатен со системот за вршење на видео надзор е следниот:

- Два влеза со вкупно 2 камери
- Паркинг со вкупно 3 камери
- Ходник приземје со вкупно 1 камера
- Заден дел на Факултетот со вкупно 4 камери

Камерите ги снимаат вработените, на Факултетот и посетителите кога ќе влезат во нивниот фокус.

Системот за вршење на видео надзор не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази за внатрешни истраги на Факултетот, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент поврзан со целта заради која е воспоставен видео надзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до надлежните органи во рамките на формална кривична постапка).

2. Какви податоци собираме?

Преку системот за вршење на видео надзор, Факултетот собира само визуелни снимки од физички лица (ликот и физичкиот изглед на вработените и посетителите). Притоа, не се врши тонско снимање.

3. Кој е одговорен за обработка на податоците?

Факултетот врши обработката на личните податоци и ги утврдува целите на обработка, во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Мирослав Стојчевски, одговорен за човечки ресурси на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје.

4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор?

Факултетот користи опрема за видео надзор за обезбедување:

- контрола над влегувањето и излегувањето од „паркингот и простории под надзор“ и заштита на сопственоста и имотот на Факултетот.

Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, во секој одделен простор што е под видео надзор, има видливо и јасно истакнато известување за видео надзорот кое им овозможува на вработените и посетителите да се запознаат со вршењето на видео надзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

5. Кој може да ги види Вашите лични податоци?

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор.

Пристапот до мрежните видео рекордери (NVR-и) на кои се чуваат видео записите е ограничен на администраторот на системот за вршење на видео надзор.

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат единствено лица кои се овластени од страна на Деканот на Факултетот.

Пристапот е заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од овластените лица)

6. Како да ги контролирате Вашите податоци?

Доколку имате какво било прашање во врска со обработката на Вашите лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, може да испратите барање до е-адреса contact@fznh.ukim.edu.mk: а или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада’, бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории.

7. Дали може да пристапите до Вашите податоци?

Вие имате право да побарате потврда дали се обработуваат Вашите лични податоци, како и да пристапите до Вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до ФЗНХ на е-адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада’, бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории.

8. Дали можете да ги менувате Вашите лични податоци?

Не е дозволено менување на видео записот од извршениот видео надзор.

9. Дали може да побарате ограничување на обработката на Вашите податоци?

Вие имате право да ја ограничите обработката на Вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање до ФЗНХ на е-адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада’, бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во

нашите деловни простории, во случај кога ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци, или кога нам повеќе не ни се потребни податоците за остварување на целите на обработката.

Вие исто така, можете да ја ограничите обработката и кога обработката е незаконита, а Вие се спротивставувате на бришењето на личните податоци.

Сепак, ограничувањето на обработката на Вашите лични податоци не е можно во случај на службена истрага.

10. Дали може да побарате бришење на Вашите податоци?

Вие имате право да побарате бришење на Вашите податоци во секое време со испраќање на барање до, ФЗНХ на е-адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада', бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории, во случај кога личните податоци биле незаконито обработени или повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани.

Образецот на барањето од точка 7, можете да го побарате доколку го контактирате офицерот за заштита на лични податоци на следната е-маил адреса: arsovt@fznh.ukim.edu.mk

11. Дали се споделуваат Вашите лични податоци со трети страни?

Вашите лични податоци ги чуваме и не ги споделуваме со други лица, освен ако Вие не побарате или пак дадете согласност истите да бидат споделени.

Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

12. Дали имате право на приговор?

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање до до, ФЗНХ на е-адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада', бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории, кога имате легитимни причини во врска со Вашата конкретна ситуација.

13. Што можете да направите во случај на проблем?

а) Првиот чекор е да не известите за проблемот до, ФЗНХ на е-адреса: contact@fznh.ukim.edu.mk или на адреса: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје , ул. „16-Македонска Бригада', бр.3, 1000 Скопје или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории, и да побарате да преземе конкретна активност.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци: Проф. д-р Тошо Арсов, Продекан за наука, соработка со стопанството и развој, на e-mail: arsovt@fznh.ukim.edu.mk

Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по Вашето барање и ќе ги преземе потребните мерки.

14. Кога ќе започне обработката на Вашите лични податоци преку системот за видео надзор?

Обработката започнува во моментот кога ќе влезете во фокусот односно видокругот на камерите кои се поставени на „паркингот и просториите под надзор“ на Факултетот и трае додека не излезете од фокусот односно видокругот на камерите.

15. Безбедност на личните податоци

Ние сме посветени на заштита на Вашите лични податоци. Затоа, обезбедуваме соодветни технички и организациски мерки за безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор со кои се гарантира заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на Вашите лични податоци. Ние ги штитиме Вашите лични податоци од неовластен пристап и неовластена употреба или откривање на податоците.

16. Колку долго ги чуваме Вашите податоци?

Снимките од видео надзорот, односно Вашите податоци ги чуваме до исполнување на целта заради која се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, сметано од денот кога е направена поединечната снимка. По истекот на рокот од 30 дена, снимките од видео надзорот автоматски се бришат.

Р. Бр	Технички опис	Технички барања од позиција	Единечна мерка	количина
1	**МРЕЖНА ФИКСНА КАМЕРА СО ШИРОКО АГОЛЕН ФИКСЕН ОБЈЕТИВ со следните карактеристики**	-Сензор 1/2.7 progressive scan CMOS - Вградено осветлување од мин 50 метри - Резолуција од мин. 5 мегапиксели - Да има мин. вграден фиксен објектив 2.8 мм - Осветлување колор мин 0.003 Lux - Да има поддршка на виедо компресија на главен стрим Ultra 265, H.265/H.264/ и MJPEG - Да има вграден слот за micro SD картичка со капацитет од мин 265GB - Да поседува широк динамичен опсег при контрастно осветлување WDR со мин. 120db -Да ги подржува следниве протоци за комуникација: IPv4, IPv6, IGMP, ICMP, ARP, TCP, UDP, DHCP, RTP, RTSP, RTCP, RTMP, DNS, DDNS, NTP, FTP, UpnP, HTTP, HTTPS, SMTP, SSL/TLS, 802.1x, SNMP -Да поддржува напојување преку мрежа порта „PoE'' или 12 VDC -Вградена автоматска редукција на шум 2D/3D DNR или еквивалентна - Вграден минимум 1 мрежен приклучок (RJ45) со брзина на проток 10/100 МБ или еквивалентен -Минимум поддршка на ONVIF стандард за интеграција со останати - Потрошувачка Max 6.0 W -Да има вграден микрофон за снимање аудио запис - Да има можност за дигитално одмаглување - Да има можност за дефинирање на минимум 32 кориснички профили за пристап до камерата - Да задоволува CE-EMC (EN55032,EN61000-3-3,EN IEC 61000-3-2,EN 50130) FCC (FCC 47 CFR part15 B ANSI C63.4-2014)	Ком.	9

2	**СИСТЕМ ЗА АРХИВИРАЊЕ НА ВИДЕО ЗАПИСИ-МРЕЖЕНВИДЕО РЕКОРДЕР со следните карактеристики**	**Систем за архивирање на видео записи NVR** со следниве карактеристики: -Да поддржува поврзување на мин 16 мрежни „IP" камери -Да поддржува поврзување на мрежни камери од различни производители -Да има мин. 6 HDMI излези, од кои едниотда поддржува 4К резолуција 3840x2160 -Да има мин. 6 VGA излези - Да поддржува приклучување на мин. 2 хард дискови -Да поддржува вклучување на дискови со капацитет од 10 ТБ по порта -Да има влезен проток од мин. 320 Mbps -Да има мин. една мрежна порта сос 10/100/1000 Mbps -Да има мин. еден влезен двонасочен аудио канал -Да има мин. една сериска RS-485 (half duplex) порта -Да има мин. 8 алармни влезови и мин. 2 алармни излези -Напојување на уредот од 100 до 240 V AC -Да има минимум една USB 2.0 и една USB 3.0 порти преку кои ќе може да се прави бекап на снимениот материјал -Да поддржува работна температура мин во граници од -10 до +55 степени целзиусови -Да задоволува EN55032: 2015, EN 61000-3-3: 2013, EN IEC 61000-3-2: 2019, EN 55035: 2017 -Мрежниот рекордер да се испорача со вкупен архивски простор со хард диск од минимум 4ТБ. Дискот да е специфициран за 24/7 работа и соодветен за NVR уредот, специфициран диск за работа со ситеми за видео надзор. **Комплет со набавка и монтажа и останат ситен материјал**	Ком.	1
3	**HDD**	-Хард дискот да е со меморија од мин. 4ТБ -Да поседува максимална стапка од пренос до 180MB -Да поддржува работа во мин. опсег од 5 до 60 степени целзиусови -Да е специфициран за 24/7 тип на работа за системи за видео надзор ***Комплет со набавка и монтажа во мрежен видео рекордер**	Ком.	1

4	**Бежична самостоечка мрежна рото камера**	Rated input: 12V-1A Резолуција 2560 x 1440 Video Enconcing H.265 Night Vision Light 850nm infrared lights x2 White Lights x2 White Lights x2 Оперативна температура -30 до 60 целзиусови степени Бежична технологија Wi-Fi IEEE 802.11b/g/n 2.4 GHz Компатабилна со Android 8.0 or IOS 12.0 or later/with mobile and desktop up for surveillance Storage Micro SD card 256 GB	Ком.	2
5	**ЛЕД Дисплеј**	43" (109cm) Android SMART FullHD LED TV Frameless DVB-T/T2/DVB-C, CVTE S506 DUAL CORE Processor Cortex A7 x@ core @1.3GHz GPU Mali4000MPx2 core 1GB RAM, 8GB ROM Оперативен систем Android 13 system upgradable by u-disc or online MAXHUB – Share smartphone content to smart TV Wifi built in 802.11 b/g/n USB port with PVR (power video recording) Coaxial out Earphone out CVBS input x1 RF x1 HDMI x2 Component input x1 Scart input x1 CI+Slot x1 Ethernet port RJ-45	Ком.	1
6	Мрежен кабел	Cable Cat.5e Full Cooper F-UTP, foil shielding, Bare copper wire 0.51mm (AWG24/1)	Метар должен	610
7	Конектори	Мрежни конектори со метална рамка RJ45	Ком.	18
8	Пластична кутија	Пластична кутија ОГ дозна 100x100	Ком.	11
9	Работна рака	Инсталација на кабел во постоечки ПОК Канали	Метар должен	610
10	Работна рака	Инсталација на камери	Кол.	11
11	Работна рака	Инсталација, сетирање и пуштање во употреба на мрежен снимач	Кол.	1
12	обука	Обука на вработени	Кол.	1